АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

# Пазарот на осигурување во Република Македонија во вториот квартал од 2018 година

## 1. Анализа на осигурителниот пазар во Република Македонија

Заклучно со 30.6.2018 година на пазарот на осигурување во Република Македонија работат 16 друштва за осигурување (11 неживотно осигурување и 5 осигурување на живот). Бројот на осигурително брокерските друштва се намали за едно друштво (Осигурително брокерско друштво ВИАСС брокер АД Скопје), а бројот на друштвата за застапување во осигурување остана непроменет, односно во текот на вториот квартал од 2018 година (2К2018) на пазарот на осигурување, осигурително брокерски работи вршат 35 осигурително брокерски друштва, работи на застапување во осигурување 11 друштва за застапување. На крајот на вториот квартал од 2018 година, во доменот на банките кои имаат дозвола за вршење на работи на застапување во осигурување функционираат 5 банки, тоа претставува зголемен број на банки на пазарот во однос на претходниот квартал со почетокот на вршење дејност на Стопанска банка АД Скопје.

Во 2К од 2018 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст: БПП) во вкупен износ од 4,92 милијарди денари, што претставува раст од 6,34% во однос на БПП остварена во 2К2017 година (2К2017: 4,62 милијарди денари).

Во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 4,18 милијарди денари (2К2017: 3,98 милијарди денари), или истата изнесува 84,94% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пад од 1,09% во споредба со 2К2017 година.

Кај осигурувањето на живот е остварена БПП во износ од 740 милиони денари (2К2017: 646 милиони денари), што претставува пораст од 14,63%. Осигурувањето на живот учествува со 15,06% во вкупната БПП на осигурителниот сектор.

Истовремено, во вкупната остварена БПП најзначајно учество има осигурувањето кај моторните возила со 49,27% (2К2017: 49,72%), при што осигурувањето од автомобилска одговорност (АО) учествува со 41,08% (2К2017: 41,33%), а доброволното осигурување на моторни возила (каско) со 8,18% (2К2017: 8,39%). Потоа, следува осигурувањето на имот (од пожар, природни непогоди, кражби и други ризици) со 20,03% (2К2017: 20,20%), и осигурувањето од последици на несреќен случај (незгода) со учество од 7,43% (2К2017: 8,43%).

Во рамки на одделните класи на осигурување, продолжува трендот на пораст на премијата и тоа кај автоодговорност од 5,71% со БПП 2,02 милијарди денари, осигурување на гаранции 79,39%, осигурување од правна заштита 50%, туристичка помош пораст од 9,27%. Кај здравстеното осигурување во 2К2018 се бележи значителен пораст од 131,13% со БПП од 95,19 милиони денари, од друга страна, осигурувањето на имот (вкупно) бележи пораст од 20,92% со БПП 985,27 милиони денари, исто така осигурувањето од незгода во 2К2018 бележи пад од 6,25% со БПП 365,44 милиони денари. Кај каско осигурувањето се забележува благ пораст од 3,72% на вкупната БПП која изнесува 4022,42 милиони денари. Кај осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот во 2К2018 има пораст од 60,16% со БПП 69,15 милиони денари.

Во периодот 1.1.2018-30.6.2018 склучени се 678.117 договори при што се забележува пораст од 8,61% во однос на 2К2017 кога беа склучени 624.381 договори. По класи на осигурување зголемување од 12,20% бележи осигурувањето од незгода, каско моторни возила 6,32%, осигурувањето на имот 19,55%, потоа следи автомобилска одговорност со

4,31%. Кај осигурувањето на живот истотака имаме пораст на бројот на склучени договори од 9,83% за 2К2018 во споредба со 2К2017, истотака кај осигурувањето на живот кога инвестицикиот ризик е на товар на осигуреникот има значителен пораст на бројот на склучени договори од 65,08% за 2К2018 во споредба со 2К2017. (Табела 1)

**Табела бр.1:** Бруто полисирана премија и број на склучени договори

| | Бруто полисирана премија (во 000 МКД) | | | Број на склучени договори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2К2018 | 2К2017 | промена | 2К2018 | 2К2017 | промена |
| АО (вкупно) | 2.020.536 | 1.911.462 | 5,71% | 364.147 | 349.101 | 4,31% |
| Имот (вкупно) | 985.267 | 934.151 | 5,47% | 94.928 | 79.407 | 19,55% |
| Живот | 670.736 | 603.044 | 11,23% | 8.412 | 7.659 | 9,83% |
| Каско моторни возила | 402.417 | 387.982 | 3,72% | 23.803 | 22.389 | 6,32% |
| Незгода | 365.437 | 389.794 | -6,25% | 245.945 | 219.198 | 12,20% |
| Општа одговорност | 119.530 | 125.470 | -4,73% | 19.821 | 18.892 | 4,92% |
| Туристичка помош | 96.774 | 88.564 | 9,27% | 185.190 | 167.582 | 10,51% |
| Здравствено | 95.189 | 41.184 | 131,13% | 3.026 | 1.308 | 131,35% |
| Живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | 69.148 | 43.174 | 60,16% | 1.215 | 736 | 65,08% |
| Карго | 34.857 | 40.345 | -13,60% | 1.536 | 1.538 | -0,13% |
| Финансиски загуби | 24.594 | 20.094 | 22,39% | 1.059 | 1.078 | -1,76% |
| Каско воздухоплови | 22.841 | 30.142 | -24,22% | 8 | 10 | -20,00% |
| Одговорност воздухоплови | 4.343 | 6.421 | -32,36% | 31 | 35 | -11,43% |
| Гаранции | 3.003 | 1.674 | 79,39% | 3.035 | 135 | 2148,15% |
| Кредити | 1.259 | 0 | #DIV/0! | 7 | 2 | 250,00% |
| Одговорност пловни објекти | 939 | 1.028 | -8,66% | 244 | 258 | -5,43% |
| Брак или породување | 889 | 0 | | 2 | 0 | |
| Каско пловни објекти | 187 | 417 | -55,16% | 13 | 23 | -43,48% |
| Правна заштита | 6 | 4 | 50,00% | 7 | 5 | 40,00% |
| **ВКУПНО** | **4.917.952** | **4.624.950** | **6,34%** | **678.117** | **624.381** | **8,61%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

Друштвата за осигурување во анализираниот период исплатиле бруто - износ на штети од 1,84 милиони денари. Во споредба со истиот период минатата година, бруто исплатените штети бележат зголемување од 14,47% (2К2017: 1,61 милиони денари). Истовремено, бројот на ликвидирани штети се поголеми за 9,51% во однос на 2К2017. (Табела бр.2).

**Табела бр.2:** Бруто исплатени штети и број на ликвидирани штети

| | Бруто исплатени штети (во 000 МКД) | | | Број на ликвидирани штети | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2К2018 | 2К2017 | промена | 2К2018 | 2К2017 | промена |
| АО (вкупно) | 957.821 | 880.742 | 8,75% | 13.831 | 13.486 | 2,56% |
| Каско моторни возила | 258.691 | 234.296 | 10,41% | 4.180 | 4.051 | 3,18% |
| Имот (вкупно) | 226.121 | 127.701 | 77,07% | 3.403 | 3.369 | 1,01% |
| Незгода | 202.027 | 193.332 | 4,50% | 3.908 | 3.674 | 6,37% |
| Живот | 128.921 | 107.124 | 20,35% | 1.122 | 1.024 | 9,57% |
| Туристичка помош | 23.693 | 22.399 | 5,78% | 1.462 | 1.012 | 44,47% |
| Општа одговорност | 22.519 | 36.081 | -37,59% | 137 | 120 | 14,17% |
| Здравствено | 14.852 | 4.194 | 254,12% | 1.785 | 497 | 259,15% |
| Живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | 2.524 | 333 | 657,96% | 13 | 12 | 8,33% |
| Карго | 1.571 | 1.203 | 30,59% | 26 | 29 | -10,34% |
| Финансиски загуби | 1.273 | 45 | 2728,89% | 25 | 22 | 13,64% |
| Каско пловни објекти | 973 | 817 | 19,09% | 1 | 1 | 0,00% |
| Одговорност воздухоплови | 55 | 0 | | 0 | 0 | |
| **ВКУПНО** | **1.841.041** | **1.608.267** | **14,47%** | **29.893** | **27.297** | **9,51%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

Во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 3. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Триглав осигурување со 18,19% (2К2017: 18,14%), Евролинк со 13,06% (2К2017: 11,63%) и Осигурување Македонија со 12,99% (2К2017: 12,96%). Во делот на осигурување на живот доминантно учество заземаат Кроација живот со 44,41% (2К2017: 41,53% ) и Граве со 35,95% (2К2017: 34,13%).

Во структурата на каналите на продажба најголемо учество има директната продажба со 50,72% (2К2017: 51,08%). Разложено по групи на осигурување, кај друштвата за осигурување на живот најзначаен канал на дистрибуција се осигурително брокерските друштва со 46,08% (2К2017: 50,16%), додека пак кај неживотното осигурување доминира каналот на директната продажба со 56,45% (2К2017: 56,91%) (Табела бр.3).

**Табела бр.3:** Структура на канали на продажба по групи на осигурување

| 2К2018 | неживот | | живот | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество |
| Директна продажба | 2.358.156 | **56,45%** | 136.291 | 18,40% | 2.494.447 | **50,72%** |
| Осиг. брокерски друштва | 928.014 | 22,22% | 341.314 | **46,08%** | 1.269.328 | 25,81% |
| Друштва за застапување во осигурување | 397.766 | 9,52% | 84.349 | 11,39% | 482.115 | 9,80% |
| Туристички агенции | 15.006 | 0,36% | 0 | 0,00% | 15.006 | 0,31% |
| Автосалони | 3.515 | 0,08% | 0 | 0,00% | 3.515 | 0,07% |
| Банки | 30.971 | 0,74% | 117.755 | 15,90% | 148.726 | 3,02% |
| Застапници во осигурување | 436.390 | 10,45% | 61.024 | 8,24% | 497.414 | 10,11% |
| Останати дистрибутивни канали | 7.258 | 0,17% | 0 | 0,00% | 7.258 | 0,15% |
| **Вкупно** | **4.177.076** | **100,00%** | **740.733** | **100,00%** | **4.917.809** | **100,00%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

На крајот од вториот квартал од 2018 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 6,22 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,44 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,15 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 292 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,3 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во периодот 1.1-30.6.2018 година осигурителниот сектор оствари добивка пред оданочување во износ од 250,34 милиони денари. Кај друштвата за неживотно осигурување, 9 друштва остварија добивка во износ од 250,27 милиони денари, а додека пак 2 друштва остварија загуба во износ од 46,46 милиони денари. Кај друштвата за осигурување на живот, 4 друштва остварија добивка во износ од 50,89 милиони, а додека пак 1 друштво оствари загуба во износ од 4,37 милиони денари.

Со состојба на 30.6.2018 година, друштвата за неживотно осигурување го исполнија минималното потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви во рамки на оваа група изнесуваа 6,89 милијарди денари и покриваа 106% од техничките резерви кај овие друштва. Кај друштвата кои што работат осигурување на живот, пак, вкупните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва на 30.6.2018 година изнесуваат 4,92 милијарди денари, односно покриеноста на техничките резерви и математичката резерва изнесуваше 106%.

Во 2К2018 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (46,50%), депозити кај домашните банки (44,48%), удели во инвестициски фондови (6,93%), акции (0,90%) и во долгорочни хартии од вредност издадени во ЕУ или ОЕЦД (1,20%). Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (74,24%), депозити кај домашните банки (23,62%), удели во инвестициски фондови (1,35%) и во други финансиски инструменти (0,79%).